Број 113 Февруари 2022

# S-WORK






# Државата Викторија планира да ја декриминализира сексуалната работа во рок од две години

Викторија, држава во југоисточна Австралија, е подготвена да ја декриминализира сексуалната работа во рок од две години.

Многумина кои работат во секс индустријата нетрпеливо чекаат да се изгласа новиот закон, кој според нив ќе ги заштити сексуалните работници, ќе ја намали стигмата и насилството, а ќе има и финансиски придобивки.

Но, државната опозиција е загрижена за многу од промените, и е против донесувањето на новиот закон за декриминализација на сексуалната работа, откако беше презентиран предлог-законот пред Парламентот оваа година.

**Сегашниот државен систем на сексуалната работа се карактеризира како „комплексен, скап и тежок“**

Во моментов, сексуалната работа во државата е регулирана со Законот за сексуална работа на Викторија од 1994 година кој поставува строги услови за однесувањето и практиките на сексуалните работници и работата на борделите.

Независните сексуални работници мора да аплицираат за дозволи, да се регистрираат во Управата за лиценцирање бизниси, да добијат дозвола од сопственикот да работат од дома, да се придржуваат до редовните прегледи за сексуално преносливи инфекции (СПИ) и не можат да работат со повеќе од едно лице на едно место.

Борделите, исто така мора да добијат лиценци за работа, строго им е забрането да служат алкохолни пијалоци и најчесто треба да бидат лоцирани во индустриските области, подалеку од комерцијалните и станбените зони.

Сексуалната работа на отворено е забранета во Викторија, а рекламирањето на сексуалните услуги исто така е законско регулирано. Во документот за дискусија во насока на декриминализација на сексуалната работа, Владата го окарактеризира сегашниот систем на сексуалната работа како „комплексен, скап и тежок“, што доведува до слаба усогласеност и раст на нелиценцираната индустрија во Викторија.

Во ноември 2019 година, Владата на Викторија побара од лидерката на Партијата за разум (австралиска политичка партија основана во 2017 година), Фиона Патен, да раководи со ревизијата на Предлог-законот и да даде препораки за декриминализација на сексуалната работа во Викторија.

Како резултат на тоа, Владата постави период во две фази за декриминализација на сексуалната работа.

**Целиот систем на сексуална работа ќе биде подложен на измени, доколку се изгласа новиот Предлог-закон**

Владата предложи низа промени во нејзините напори „да ги максимизира безбедноста, здравјето и човековите права на сексуалните работници, а истовремено да ја намали стигмата и стравот од криминалните последици за сексуалните работници“.

Владата има намера целосно да го укине системот за лиценцирање кој ја дели секс индустријата на независни сексуални работници и бордели, наместо да ја регулира преку постоечките агенции како што се WorkSafe Victoria и Министерството за здравство.

Задолжителното тестирање за СПИ ќе биде укинато, бидејќи како што изјавила Владата „доказите покажуваат дека сексуалните работници имаат побезбедни сексуални практики и пониски стапки на сексуално преносливи инфекции во споредба со општата популација“.

На борделите ќе им биде дозволено да продаваат алкохол според измените на законите за лиценцирање на алкохол.

Законите за работа во зони ќе бидат изменети, односно сексуалните работници ќе можат да работат и на други локации, а не само во посочените индустриски зони, а измени ќе има и кај законот кој забранува работење на сексуалните работници на отворено.

Владата, исто така, предложи зајакнување на заштитата против дискриминација на сексуалните работници според Законот за еднакви можности од 2010 година, отстранувајќи ја сегашната можност да се одбие сместување за сексуалните работници.

На предложените измени од Владата, сепак се спротиставуваат од опозицијата, кои сметаат дека со новиот закон не се постигнуваат целите за целосна заштита на жените.

Сепак, доколу Предлог-законот помине на гласање во Парламентот, првите мерки ќе стапат на сила на 1-ви март 2022 година, а останатите ќе следат на 1-ви декември 2023 година.

Предводник на движењето за декриминализирање на сексуалната работа е г-ѓа Патен, член на Горниот дом на Парламентот во Викторија и поранешна сексуална работничка.

Г-ѓа Патен вели дека Викторија како држава заостанува со донесувањето на измените на законот за сексуална работа, а прогресивниот закон за сексуална работа од 1980-тата, сѐ уште има негативно влијание врз сексуалните работници.

Г-ѓа Патен тврди дека сексуалната работа е работа и дека треба да се третира како таква без оглед на личните убедувања.

„Сигурно има луѓе со филозофски убедувања кои би се спротивставиле на ваквите реформи. Самото кажување „не“ не го отстранува тоа. Самото кажување „не“ не ги штити или зајакнува сексуалните работници“, изјавила г-ѓа Патен.

„Ние не ја правиме сексуалната работа задолжителна. Она што сакаме да го кажеме е дека треба да се слушне гласот на сексуалните работници и дека сексуалните работници треба да бидат дел од решението за да се направат нивните животи побезбедни и нивната егзистенција подобра“.

**Групите кои се против декриминализација на сексуалната работа велат дека „преживеаните“ се исклучени од новиот предлог-закон**

Но, не сите се задоволни од тоа како се одвиваат работите.

Коалицијата против трговија со жени во Австралија (CATWA) се спротиставува на сите форми на сексуална работа и е загрижена дека моделот за регулација за кој се води дискусија во Викторија може да ги направи работите помалку безбедни за сексуалните работниците.

Претставничката на Коалицијата против трговија со жени, Теган Ларин вели дека има соработувано со

поранешни сексуални работници кои ја напуштиле сексуалната работа и се нарекуваат себеси „преживеани“.

Таа вели дека четири одделни организации чии членови се „преживеани“ од сексуалната работа биле исклучени од консултативните сесии на владата - одлука што таа ја нарече „разочарувачка“ и што всушност само ја зголемува нејзината загриженост за процесот на декриминализација.

„Сметам дека овој процес е несоодветен бидејќи недостасуваат консултации со јавноста, постои недостиг на транспарентност и се исклучуваат „преживеаните“, изјавила Теган.

Коалицијата ја искажала својата загриженост до Владата во врска со новиот предложен модел за регулација на сексуалната работа, за кој велат дека биле игнорирани.

Групата и предложила на Владата некои алтернативни модели, како што е контроверзниот Нордиски модел кој ги криминализира луѓето кои плаќаат за сексуална работа, но не ги казнува оние кои даваат сексуални услуги.

Ларин вели дека со дозволувањето на продажба на алкохол во борделите само ќе се создаде поризична средина за сексуалните работници, велејќи дека интоксикацијата може да поттикне насилство.

Ларин верува дека Владата на Викторија ги слушала само застапниците на секс индустријата и затоа не успеала соодветно да ја долови реалноста и предизвиците со кои се соочуваат сексуалните работници.

„Студиите постојано ќе покажуваат дека повеќето луѓе кои се занимаваат со сексуална работа сакаат да ја напуштат, но не можат бидејќи се потпираат на тоа за пари и немаат друга опција да преживеат“, вели таа.

**Сексуалните работници велат дека промените ќе им обезбедат легитимитет и безбедност**

Саи Џејден Лилит е сексуална работничка која ја поддржува декриминализацијата и ги доставила своите искуства до Владата во периодот на консултации.

„Со нетрпение очекувам да се намали стигмата и насилството врз сексуалните работници со отстранување на сите криминални аспекти од Законот за сексуална работа“, вели Саи.

„Декриминализацијата има за цел да не заштити нас сексуалните работници од уцени, насилство и злоупотреба, со тоа што ќе го легитимира нашето место во општеството“.

Според сегашното законодавство, Саи не може да работи од дома и не се чувствува безбедно поради одредбите во Законот за еднакви можности од 2010 година.



Саи смета дека импликациите по здравјето и безбедноста со декриминализацијата на сексуалната работа ќе ги променат животите на сексуалните работници.

„Лиценцирањето или криминализацијата само ќе им наштети на најранливите во нашата заедница“.

Како дел од системот за лиценцирање, сексуалните работници кои не сакаат да работат самостојно како Саи мора да работат во бордели, кои се лиценцирани, ги исполнуваат условите за зонирање и плаќаат давачки кои се движат околу 10,000 долари.

Хајди Олсен, сексуална работничка која околу 6 години ја работи сексуалната работа независно и во борделите, вели  дека системот за лиценцирање на борделите исто така има очајна потреба од реформи со цел да ги заштити сексуалните работници.

Иако Олсен вели дека е застрашувачки да се работи самостојно, особено кога треба да се оди директно кај клиентот дома, тогаш секогаш е присутен стравот дека можеби клиентите ќе те снимаат тајно или пак ќе има други луѓе присутни на средбата. Додека пак кога оди на работа во борделите, вели дека заработува многу помалку пари. Олсен верува дека декриминализацијата на сексуалната работа ќе доведе до поголем избор и поголема преговарачка моќ за сексуалните работници.

Предлог-законот за декриминализација на сексуалната работа од 2021 година сè уште е на распоред во Горниот дом од државата и се чека на негово одобрување пред да се изгласа во закон.




# ИРСКА ЗАКОНИТЕ ШТО ЈА КРИМИНАЛИЗИРААТ СЕКСУАЛНАТА РАБОТА ГО ОЛЕСНУВААТ ТАРГЕТИРАЊЕТО И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Законот од 2017 година, наводно дизајниран да ги заштити жртвите на трговија со луѓе и сексуалните работници од експлоатација, наместо тоа, го олеснува таргетирањето и злоупотребата на сексуалните работници, а државата не успева да ги заштити од насилство - се вели во најновиот извештај на Амнести интернешнал.

Извештајот „Живееме во насилен систем: Структурно насилство врз сексуалните работници во Ирска“, открива како криминализацијата на аспектите на сексуалната работа ги принудува сексуалните работници да преземаат повеќе ризици додека ја избегнуваат полицијата, ставајќи ги во опасност нивните животи и безбедност.

„Законите наменети за заштита на сексуалните работници ги ставаат во поголем ризик од злоупотреба и насилство, вклучувајќи силување и физички напади. Ова е она што сексуалните работници ни го кажуваат за вистинското влијание на законот од 2017 година, а Ирската влада треба да почне да ги слуша“, вели Колм Огорман, извршен директор на Амнести Интернешнл во Ирска.

„Нашето истражување јасно покажува дека со криминализирањето на клиентите, односно купувањето сексуални услуги, ги принудува сексуалните работници да преземаат повеќе ризици, додека пак казнувањето на работата на групната работа во борделите ги спречува сексуалните работници да работат заедно со цел да си ја осигураат сопствената безбедност“.

Мнозинството од сексуалните работници интервјуирани за потребите на истражувањето изјавиле дека сакаат сексуалната работа целосно да се декриминализира во Ирска, вклучително и купувањето сексуални услуги. Тие исто така изјавиле дека споделувањето простории со други сексуални работници помага да се зголеми нивната безбедност и го ограничува потенцијалниот ризик од насилство.

„Една на еден, жена со маж, немаме шанса. Ни треба уште една девојка. Таа може да слушне што се случува... Но да се биде сама, тоа е многу опасно“ – изјавила една од учесничките интервјуирани во истражувањето.

Друга сексуална работничка го изјавила следново за Амнести интернешнал: „Една ноќ се спуштав низ ќорсокак кој беше дискретен, така што немаше шанси да ме најде ирската полиција... не можеа да возат до местото каде што бевме. Но, во исто време,

немав излез за бегство доколку нешто тргнеше наопаку...“

Истражувањето покажува и како немањето доверба во полицијата и социјалната стигма засилена со Кривичниот закон се едни од клучните грижи на сексуалните работници.

Огромното мнозинство од интервјуираните сексуални работници изјавиле дека доживеале насилство додека се занимавале со сексуална работа. Сепак, сексуалните работници исто така изјавиле дека се плашат од полицијата и не сакаат да пријавуваат насилство, поради немањето доверба во нив и убедувањето дека нема да преземат никакво дејство.

Една сексуална работничка изјавила за Амнести интернешнал: „Полицијата ја гледам како закана наместо како штит“. Друга сексуална работничка изјавила: „Сексуалната работа мора да биде 100% декриминализирана. Бидејќи не е, се плашам да пријавам насилство во полиција. Во секој друг бизнис, ако има лоши клиенти, ако нешто ви се случи, можете да повикате полиција... Повеќе е за создавање побезбедна средина за нас“.

Стравувањата на сексуалните работници-мигранти да контактираат со полицијата произлегуваат од ризиците со кои се соочуваат поради нивниот имиграциски статус или плановите да аплицираат за ирско државјанство. Една сексуална работничка-мигрантка изјавила за Амнести интернешенал:

„Единствениот пат кога би се јавила во полиција ќе биде ако умирам на подот... Јас лично повеќе би сакала да бидам изложена на ризик со клиент, отколку да имам некаков контакт со полицаец“.

За многумина од интервјуираните сексуални работници, криминализацијата на сексуалната работа само ги зголемува веќе високите нивоа на општествена стигма и дискриминацијата што ја доживуваат по други основи, како што се раса, етничка припадност, пол, родов идентитет, инвалидитет, употреба на дрога, статус на бездомник или на мигрант.

Истражувањето го нагласува недостатокот на податоци за искуствата на сексуалните работници и потпирањето на Владата на застарени и неисправни истражувања кои ја поврзуваат трговијата со луѓе со сексуалната работа. Исто така, се истакнува дека државата не успеала доволно да се консултира со заедницата на сексуални работници при изготвувањето на законот од 2017 година.

Ирската влада моментално спроведува ревизија на Законот за кривично право (сексуални престапи) од 2017 година и овој пат, сексуалните работници сакаат нивниот глас да се слушне.

„Ревизијата на законот претставува добра можност да се осигура дека тој навистина ги штити сексуалните работници, а при тоа сексуалните работници треба да бидат вклучени во консулатициите и предвид да се земат нивните искуства“, вели Колм Огорман.

Анкетата спроведена од Амнести интернешнал во декември 2021 година покажува дека 70% од луѓето во Ирска веруваат дека сексуалните работници треба да се консултираат за секој закон што директно ги засега, додека 73% сметаат дека сексуалните работници имаат право да донесуваат одлуки за нивните тела и животи.

Од 2017 година, Дел 4 од Законот за кривично право (сексуални престапи) го криминализира купувањето сексуални услуги и значително ги зголеми казните за работа на сексуални работници во групи (две или повеќе сексуални работници кои продаваат сексуални услуги во исти простории) во борделите, а предвидува парична казна до 5,000 евра или затвор до 12 месеци




# ПИСМО ЗА ЗАГРИЖЕНОСТ ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ESWA ВО ВРСКА СО АМАНДМАНОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ (DSA) ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕГИСТРАЦИЈА ПРЕКУ ТЕЛЕФОН ЗА ОНЛЈАН КОРИСНИЦИТЕ И КРЕАТОРИТЕ НА СОДРЖИНА

Во средината на јануари 2022 година, Европскиот парламент го изгласа новиот амандман на Законот за дигитални услуги (DSA-Digital Services Act). Сепак, Европската алијанса за правата на сексуалните работници (ESWA), која претставува повеќе од 90 организации кои работат со сексуалните работници во Европа и Централна Азија, искажува загриженост во врска со амандманот кој веќе е изгласан од страна на Европскиот парламент. Овој амандман предлага воведување процес на верификација на корисниците и креаторите на порнографска содржина преку „двојна регистрација со е-пошта и мобилен телефон“ на онлајн платформи и страници. И покрај волјата и напорите на Парламентот да создаде побезбедна онлајн средина за корисниците, сепак задолжителната регистрација на корисниците преку мобилен телефон би била штетна за сексуалните работници и другите креатори на онлајн содржини, прекршувајќи ги нивните дигитални права, што пак претставува штетна практика во однос на обезбедувањето онлајн приватност и безбедност на маргинализираните заедници, преку собирање приватни информации за сексуалните работници.

Иако амандманот е прифатен од страна на Европскиот парламент, сепак ќе има преговори, а во наредниот период Советот на Европа ќе ја разгледува предложената легислатива.

Во писмото за загриженост, во врска со прифаќање на новиот амандман на Законот за дигитални услуги (DSA), се наведени причините зошто овој Закон е штетен за заедницата на сексуални работници и кои се барањата на Европската алијанса за правата на сексуалните работници (ESWA):

„Заедницата на сексуални работници е силно стигматизирана и криминализирана која често функционира во несигурни услови за живот и работа. Особено за време на пандемијата со КОВИД-19, пристапот до онлајн платформите и можноста за работа преку Интернет претставуваат спас за многу сексуални работници кои се трудат да заработат доволно за да ги платат своите кирии или да се грижат за своите семејства. Поради оваа стигматизирана и криминализирана природа на креирањето сексуална содржина за возрасни и други видови сексуална работа, безбедноста на нивните податоци е од најголема важност бидејќи секое прекршување на нивните права, преку протекување на податоци претставува директна закана за животот и благосостојбата на сексуалните работници. Прекршувањата и протекувањето информации се случуваат редовно без оглед на безбедносните мерки што ги преземаат приватните компании или влади. Затоа, кога се регулираат онлајн содржините на платформите кои често се користат од стигматизирани и дискриминирани заедници, барањата за собирање податоци може да предизвикаат поголема штета отколку нивна заштита. На пример, собирањето на броевите од мобилните телефони на сите онлајн корисници на порнографските платформи ќе ги изложи сексуалните работници на закана од протекување податоци и злоупотреби, вклучително и принудни јавни објавувања, следење, уцена, изнуда и насилство или лишување од старателство над дете“.

„Веќе 5 години се занимавам со сексуална работа, вклучително и со креирање порнографска содржина. Она што е важно за мене, како корисник на онлајн платформите е да знам дека моите лични податоци се безбедни. Од моја гледна точка, давањето е-пошта и телефонски број е опасно и ризично и се плашам дека моите лични податоци би можеле лесно да протечат во јавност. Како сексуална работничка ќе бидам мета на вознемирување и злоупотреба како и кражба на содржина, а и кражба на идентитет...“ - Берте Де Лаон, сексуална работничка.

Европската алијанса за правата на сексуалните работници (ESWA) ги поддржува само амандманите кои имаат за цел да ја зајакнат безбедноста на корисниците на порнографските платформи и кои ќе преземат неопходни чекори за да се осигура безбедноста на корисниците на овие платформи, како и да се обезбедат начини за корисниците да идентификуваат и пријавуваат сомнителни активности. Прописите мора да ги земат предвид потребите на сите маргинализирани заедници.

Европската алијанса за правата на сексуалните работници (ESWA) итно ги повикува своите организации членки да испратат писмо за загриженост до претставници на Советот на Европа во своите земји во врска со амандманот на Законот за дигитални услуги (DSA) со цел да го отфрлат амандманот за задолжителната регистрација на креаторите на порнографски содржини (точка (а) од Амандманот 1521, Член 24б).

Барањата на Европската алијанса за правата на сексуалните работници (ESWA) се следниве:

- Справете се со стигмата и сексистичките ставови кои ги спречуваат жртвите на сексуално насилство истото да го пријавуваат;

- Олеснете го пристапот до правда со обезбедување анонимни механизми за пријавување и достапност на бесплатни правни услуги за жртвите на одмаздннички порнографски содржини и кражба на слики/видеа;

- Обучете ги и едуцирајте ги органите за спроведување на законот сериозно да ги сфаќаат извештаите поднесени од жртвите;

- Сексуалните работници мора да бидат вклучени во дискусиите за сексуално насилство засновано на имиџ бидејќи ова прашање често влијае на сексуалните работници;

- Нормализирајте го минимизирањето на собирањето податоци, особено за криминализираните и стигматизираните заедници и побарајте алтернативни решенија за работа со засегнатите заедници.

- Декриминализирајте ја сексуалната работа за да ги промовирате човековите права и да овозможите пристап до правда за сите маргинализирани сексуални работници, вклучително и мигрантите и ЛГБТИ заедницата.



# ОНЛАЈН СТРАНИЦАТА LINKTREE БАНИРА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ОД СВОЈАТА ПЛАТФОРМА

Голем број сексуални работници кои ги користат услугите на Linktree, платформа која им овозможува на своите корисници да ги организираат сите свои линкови од своите социјални профили и страници на едно место, известиле дека пристапот до оваа палтформа им бил забранет преку ноќ, без никакво претходно предупредување. Иако постојат многу сајтови кои ја нудат истата услуга, сепак Linktree е една од најпопуларните помеѓу заедницата на сексуални работници на меѓународно ниво.

Во врска со ваквите случаи, од Linktree велат дека иако многу сексуални работници без проблем ја користат услугата на оваа платформа следејќи ги упатствата и правилата за користење, сепак нема да дозволат споделување линкови на кои се промовираат  сексуални услуги, бидејќи сексуалната работа е нелегална.

„Според политиките на нашата компанија, забранетите профили на корисниците на Linktree произлегуваат од споделување линкови кои ги прекршуваат стандардите на заедницата со споделување реклами за продажба на сексуални услуги", изјавил Марлен Бонели, раководител во Linktree.

Голем број сајтови и платформи, како што се OnlyFans започнаа со исклучување на услуги за сексуални работници или пак со нивно целосно банирање по усвојувањето на FOSTA/SESTA во 2019 година. Токму тоа сега го прават и од Linktree, кои им забрануваат на сексуалните работници да споделуваат линкови кои им се важни при промовирањето на своите сексуални услуги. Голем број корисници добиле пораки на нивните страници на Linktree дека се забранети поради „несоодветна употреба", меѓу кои голем број биле сексуални работници, според она што го објавиле




на своите Твитер профили. Некои велат дека Linktree им наплатила за услугата (која чини 9 долари месечно за користење на верзијата за претплата „про“) и потоа ги откажале нивните страници без да им ги рефундираат парите.

Лорен, ескорт придружничка од Њујорк, е една од повеќето која добила забрана за користење на својот профил на Linktree, кој според нејзиното тврдење не содржел никакви експлицитни содржини, туку само вклучувал линкови до нејзината веб-страница, формуларот за резервација и линкови до други платформи за сексуална работа како што се Tryst и Slixa, но исто така и „безбедни“ профили на социјалните медиуми, вклучувајќи Instagram, Twitter и Cash App.

„Само испратија порака дека мојот профил е блокиран поради несоодветна содржина и дека истиот е отстранет“, изјавила Лорен. „Не добив електронска порака од нив со предупредување или пак да ми посочат што конкретно е несоодветно за нив, за да имам можност истото да го отстранам“.

Бидејќи толку многу онлајн платформи ги исклучуваат сексуалните работници од своите услуги, повеќето од нив започнуваат сами да си креираат свои веб-страници и да си споделуваат линкови за кои ги поседуваат URL-адресите и кои самите ги хостираат, наместо да се потпираат на платформи од трети страни кои можат да ги забранат во секој момент.

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.